**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ТРЕТ КВАРТАЛ, 2020 ГОДИНА

октомври 2020 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1;2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на корпоративни кредити, поизразено во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал од 2020 година: послабо нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, во споредба со очекувањата од претходната анкета и натамошно нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: мало нето-намалување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, за разлика од значителното намалување во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал од 2020 година: мало нето-олеснување на кредитните услови, наспроти очекувањата за нето-заострување дадени во претходната анкета, при поизразено нето-зголемување на кредитната побарувачка.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: значително нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, наспроти нето-олеснувањето во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, поизразено во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал од 2020 година: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, слично на очекувањата во претходната анкета при посилно нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најде на следнава врска: Временска серија по групи банки.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-заострување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, поизразено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредити на домаќинствата, поизразено во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал од 2020 година: непроменетост на кредитните услови, наспроти очекувањата за нето-заострување дадени во претходната анкета, при мало нето-зголемување на побарувачката.

### *Мали банки*

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменетост на условите за одобрување корпоративни кредити, наспроти изразеното нето-олеснување во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, наспроти нето-намалување на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал од 2020 година: непроменетост на кредитните услови за разлика од очекувањата за изразено нето-олеснување во претходната анкета и послабо нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменетост на побарувачката на кредитите на домаќинствата, за разлика од нето-намалувањето во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал од 2020 година: изразено нето-олеснување на кредитните услови, наспроти очекувањата за нето-заострување дадени во претходната анкета, при поизразено нето-зголемување на кредитната побарувачка.